**Клучни наоди и препораки на КПТ од извештајот за петтата периодична посета во РСМ**

Европскиот Комитет за превенција од тортура и нехуман или понижувачки третман или казнување (КПТ) го објави извештајот за петтата периодична посета во државата спроведена во периодот од 2 до 12 декември 2019 година заедно со одговорот на државата.

Во извештајот на Комитетот се нотирани сите оние недостатоци кои се провлекуваат од претходниот период, за кои Комитетот загрижено нагласува дека сепак државата вложила многу малку напори за да ги реши. Ова особено се однесува на долгогодишните структурни недостатоци со кои се соочува затворскиот систем. Дополнително, Комитетот критички се осврнува на наодите за физичко малтретирање на лица лишени од слобода од страна на полициски службеници за што нагласува дека и покрај нотираниот напредок во 2010 и 2014 година, ваквото насилство е се уште присутно.

КПТ истакнува дека со соопштенија од 28 февруари, 2 март, 25 март, 2 април, 30 април и 15 јуни 2020 година, надлежните институции на РСМ дале информации за преземените активности во врска со препораките и комантарите од посетите. Сепак, Комитетот потенцира и дека е особено загрижен што досега не се добиени никакви информации од Министерството за здравство и Министерството за труд и социјална политика во врска со непосредните забелешки истакнати кон нив во извештајот.

**Лишување од слобода**

Извештајот вклучува податоци за физичко малтретирање на лица од страна на полициски службеници кои биле тепани со шамари, клоци, удари со палки и други предмети или биле удирани со главата во тврди предмети во моментот на лишување од слобода или подоцна во полициската станица заради изнудување на признание на вина. Ваквите наводи за физичко малтретирање се однесуват на полициски службеници од Битола, Гостивар, Кочани, Скопје, Струмица и Тетово. Покрај горенаведеното, неколку поплаки за физичко малтретирање со шамари и вербални закани се упатени до претставници на Комитетот кои ја вршеле посетата од страна на жени лишени од слобода, а исто така и припадници на ромската заедница пријавиле дека за време на лишувањето од слобода се соочиле со навреди од расистичка природа.

Што се однесува на фундаменталните права и нивната примена во пракса како механизми за заштита од тортура и нехуман третман, во извештајот се наведува дека постојат наводи кои упатуваат на тоа дека релевантните закони и процедури не биле почитувани и покрај неодамнешното донесување на Стандардните Оперативни Процедури. Во главно, прекршено било правото на лицата за информирање на трето лице за лишувањето од слобода како и правото на пристап до адвокат. Голем број на лица лишени од слобода изјавиле дека немале можност да се консултираат со адвокат дури до судското рочиште. Од друга страна, при увидот во регистрите во голем број на полициски станици нотирано е дека голем број на лица изјавиле дека немаат потреба од адвокат.

Во врска со материјалните услови во полициските станици во извештајот е нотиран напредок поради реновирање на значителен број на полициски станици, со тоа што условите во ПС Битола, ПС Неготино, ПС Охрид и ПС Струмица се уште се под стандардите за задржување на лица поради недоволна природна светлина како и поради незатоплување на просториите.

Во врска со итната медицинска помош, наведено е дека прегледите кои се извршени од страна на лекари на брзата помош се нецелосни и недостига детален опис на повредите на осудените лица како и мислење/заклучок за настанатите повреди. Прегледите се вршени во присуство на полициски службеници. При увидот од страна на Комитетот во медицинската документација, утврдено е дека образложението во потврдите е површно, без вклучена форма, опис на повредата/боја и прецизна позиција и без мислење за потеклото на истата.

Препораки на Комитетот за постапување со лица лишени од слобода:

- КПТ препорачува институциите во РСМ да се осигураат дека **полициските службеници при лишување на лицата од слобода постапуваат во согласност со релевантните одредби од ЗКП.** За таа цел полициските службеници мора да бидат обучени за превенирање и минимизирање на насилството при лишување на лица од слобода. Во таа насока КПТ, нагласува дека сака да биде информиран за постапките за вработување на полициските службеници и како и посебните услови кои треба да ги исполнуваат.
- За да се осигура дека признанието на вина не е изнудено преку физичко малтретирање на осомничените лица, КПТ предлага надлежните институции во РСМ да преземат ефективни мерки за **воведување на посебен модел на интервјуирање на осомничени** во посебни простории кое притоа ќе биде аудио и видео документирано. Дополнително, Комитетот налага донесување на кодекс за полициско интервјуирање.
- КПТ предлага надлежните институции да се осигураат дека на сите лица лишени од слобода, без разлика на причината за лишување им е гарантирано **правото на известување на трето лице за лишувањето од слобода** од самиот момент на лишување од слобода.
- КПТ предлага надлежните институции во соработка со Адвокатската Комора да се осигураат дека **пристапот до адвокат** лицата задржани од слобода можат ефективно да го остварат од почетокот на лишувањето од слобода. Откажувањето од правото на адвокат е потребно да биде навремено документирано и се препорачува тоа да биде документирано во видео и аудио формат и да биде потпишано од лицето. Полициските службеници е потребно да се воздржат од коментари во насока на советување на лицето дали му/и е потребен адвокат или не.
- КПТ предлага дека лицето има **право на лекар** од почетокот на лишување од слобода. Во принцип, барањето на лицето за лекарска помош секогаш треба да биде одобрено. Не е надлежност ниту на полицијата или на друго лице да утврдува дали лицето има или нема потреба од медицинска помош.
- КПТ предлага надлежните институции во РСМ да договорат со **лекарите да спроведуваат периодични посети во полициските станици.** Потребно е лекарите да бидат обучени за како да препознаат, образложат и документираат повреди кај лицата лишени од слобода.
- Во меѓувреме, лекарите кои работат во **итната медицинска помош** е потребно детално да ги опишуваат повредите кај лицата и да наведат во извештајот за трауматската повреда, конзистентноста помеѓу еден или повеќе медицински наоди и мислења и изјавите на лицето. Доколку е потребно да се обезбеди и посебна просторија во болниците каде испитувањата ќе се вршат на сигурно и безбедно место, притоа истите да бидат и целосно доверливи.

**Затворски систем**

Комитетот го нагласува <u>недостатокот на професионален пристап</u> при менаџирање на сложени ситуации, лошото управување и извршување на работата во установите, недостиг на вработени, неквалитетната здравствена заштита која им се обезбедува на осудените лица, недостиг на соодветен режим за работа и слободни активности за затворениците, насилство помеѓу затворениците, лоши материјални услови и висока корупција во установите.

Поголемиот дел од осудените лица изјавиле дека односот кон нив од страна на затворската полиција е коректен и не вклучува <u>прекумерна употреба на сила</u>. Сепак, голем број на поплаки се упатени кон делегацијата на КПТ од страна на осудени лица во Идризово кои се соочиле со физичко насилство (шамари, боксови, клоци, удари со гумена палка) претежно поради повторни барања за доктор. Физичко малтретирање и насилство пријавиле и половина од децата со изречена воспитно поправна мерка, истите биле удирани со шамари, боксови, клоци и со нестандардна палка.

Во врска со <u>материјалните услови</u> во казнено-поправните установи, Комитетот нагласува дека се уште е загрижувачка состојбата во КПУ Идризово во крилата 2, 5 и 8 во т.н дел амбуланта и покрај тоа што е започнато со реновирање бидејќи хигиената е на многу лошо ниво и санитарните јазли се целосно истрошени. Исто така, лоша е и состојбата во затворот во Куманово во врска со изнаоѓање на долгорочно решение за проблемот со водоснабдување како и ситуацијата во затворот Скопје во врска со недоволна природна светлина, слаба вентилација и отсуство на електрични приклучоци (штекери) во ќелиите.

Во извештајот се наведува дека неодамнешното пренесување на одговорноста за обезбедување на <u>здравствена заштита</u> на Министерството за здравство се уште не се покажа како подобро решение и не придонесе кон подобрување на квалитетот на здравствената заштита која треба да ја добиваат осудените лица. Комитетот нагласува дека постои значителен недостаток на лекари (особено во Идризово), отежнат е пристапот кон лекар (често е комбиниран со коруптивни практики), медицинската опрема во затворските амбуланти е во исклучително лоша состојба, нотирани се практики на диструбуција на лекови на осудени лица од страна на лица кои не се лекари, осудените лица се соочуваат со отежнат пристап до секундарна здравствена заштита итн.

Во другите прашања на кои Комитетот нагласува дека е потребно и понатаму да се работи е <u>подобрување на системот на поплаки и механизмите за инспекциски надзор.</u>

Голем број на затвореници, особено од затворените оддели на затворите Идризово и Штип, се изјасниле дека немаат доверба во <u>системот за поплаки</u> и се плашат од репресалии/одмазда доколку поднесат поплака. Понатаму, Комитетот за време на посетата увидел дека поголемиот број на малолетни лица затекнати во затворот во Охрид не биле воопшто свесни за можноста и постапката за поднесување поплаки, заради ниската писменост и фактот што не им била објаснета постапката за поплаки.

<u>Препораки на КПТ во врска со затворскиот систем</u>

- КПТ потсетува дека **било која форма на нехумано постапување е неприфатлива и мора да биде предмет на соодветни санкции**. За таа цел сите управители(на високо и средно ново) мора да го следат и да обрнат посебно внимание на постапувањето на вработените кои се под нивна одговорност, особено затворската полиција, и да

преземат итни чекори за решавање на предметите кога постојат индикации за злоупотреба на осудените лица од страна на затворската полиција. Во овој контекст, властите треба да се осигураат дека сите затворски службеници во својата работа ги користат техниките на контрола. Во таа насока, **властите мораат да го зајакнат надзорот над установите** и да се нагласи на затворските службеници дека сите форми на нехумано постапување се неприфатливи и ќе бидат соодветно казнети.

- КПТ препорчува **да се направи проверка на нивоата на работни места на вработените во затворите во Идризиво и Скопје, за да се осигура дека персоналот е во состојба да одржува ефективна контрола во установите**, **да гарантира безбедна средина, како за нив така и за осудените лица и да обезбеди режим на активности за осудените лица**.
- КПТ ги повикува националните власти **да воведат можности за градење на професионална кариерата и систем за унапредување во рамките на затворскиот систем.** Понатаму, КПТ би сакал да биде информиран за критериумите користени за одредување на нивоата на работни места на затворските службеници за секоја установа. Секако се препорачува поголем број на службеници во одделите со затворен режим, отколку за полуотворените или отворените оддели.
- Понатаму, се даваат специфични препораки за засилување на напорите за борба против корупцијата и обезбедување на постојан систем на обуки, професионален пат и јасен правен статус за вработените во затворите.
- Во врска со **лошите материјални услови во Идризово и Скопје**, Комитетот препорачува дека ситуацијата ќе биде целосно решена само преку изградба на нови делови за задржување на лицата.
- **Министерството за здравство мора итно да одговори на потребите на здравствените работници во затворите и да обезбеди соодветен тренинг**. Исто така потребно е да се донесат посебни протоколи за третманот на осудените лица како што се за превенција од тортура и нехуман третман, доверливост и етика на медицинскиот персонал, дистрибуција на лекови и лекување на осудени лица кои се со ментална попреченост.
- КПТ ги повикува релевантните власти **да извршат детална проценка на потребите од здравствениот персонал (како и објектите и опремата) во сите затворски установи** во земјата, почнувајќи од затворот Идризово. Особено, бројот на квалификувани медицински сестри треба значително да се зголеми што е можно поскоро, а најмалку еден клинички психолог треба да биде ангажиран во затворот Идризово.
- КПТ ја повторува својата препорака, властите да се преземат чекори преку кои ќе се осигураат дека **сервисот за здравствени услуги особено во затворите Гевгелија, Куманово, Охрид и Скопје, како и во сите други затвори, целосно е вклучен во борбата за спречување на тортурата и нехуманиот третман во затворите**, Истото би се остравило доколку: - евиденцијата за лекарски прегледи на осудените лица содржи: целосен приказ на објективни медицински наоди врз основа на темелно испитување (поддржано од „шематски приказ на тело“ за обележување трауматски повреди и, по можност, фотографии од повреди), изјави дадени од засегнатото лице кои се релевантни за медицинскиот преглед (вклучувајќи го и неговиот / нејзиниот опис на неговата / нејзината здравствена состојба и какви било наводи за лошо постапување), како и професионална обсервација и мислење на здравствениот

професионалец поврзана со конзистентноста помеѓу дадените изјави од суденото лице и објективните медицински наоди; -воведување на стандардизиран регистар на повреди забележани кај осудените лица.

- КПТ препорачува властите на РСМ да ги преземат неопходните чекори за да се осигураат дека **осудените лица со ментално нарушување добиваат соодветен третман**, односно сите затвореници со дијагностицирано ментално нарушување пред нивното влегување во затвор да бидат преиспитани и оние што имаат потреба од болничка нега да бидат хоспитализирани без одлагање. Дополнително, сите затвореници кои страдаат од акутно ментално нарушување треба да бидат префрлени во соодветна психијатриска установа каде што можат да добијат соодветен третман. Понатаму, треба да се ангажира психијатар со полно работно време во затворот Идризово со цел да се обезбеди редовно психијатриско лекување на затворениците кои страдаат од ментално нарушување.
- КПТ препорачува властите во РСМ да ги преземат неопходните чекори, вклучително и од законодавна природа, за **да обезбедат како на притворените така и на осудените затвореници, редовен и чест пристап до телефон.**
- Комитетот препорачува сите осудени лица (вклучително и малолетниците) **да бидат информирани** веднаш по приемот за тоа како да поднесуваат жалби и поплаки на начин што влева доверба (на пример, кутии за поплаки што можат да ги отворат само одредени лица).
- КПТ неколку пати ја повторува својата препорака властите на РСМ да преземат чекори за да се осигурат дека **затворениците во затворот Идризово се во можност да ги корист услугите за здравствена заштита на доверлива основа**, на пример, преку порака во затворен плик и употреба на пошта до која има пристап само здравствениот персонал. Понатаму, затворските службеници треба редовно да се потсетуваат на нивната должност да не го ограничуваат пристапот на затворениците до услугите за здравствена заштита.